**20240501273**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) и член 24 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 февруари 2024 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И ТАРИФЕН СТАВ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Во Одлуката за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија и тарифен став на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/23) во точката 1 зборовите „1.392.301.213 денари“ се заменуваат со зборовите „2.025.685.131 денари“, а зборовите „185.219.600 kWh“ се заменуваат со зборовите „437.375.144 kWh“.

2. Во точката 2 табелата се менува и гласи:

| **РЕГУЛИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА** | **единица мерка** | **износ** |
|---|---|---|
| Месечен надоместок за системски услуги и системска резерва | ден/месец | 34.101.079 |
| Тарифен став за произведена топлинска енергија на регулиран производител | ден/kWh | 3,6958 |

3. Точката 3 се менува и гласи:

„Месечниот надоместок и тарифниот став од точка 2 на оваа одлука ќе се применуваат од денот на отпочнувањето на примена на оваа одлука до крајот на грејната сезона 2023/2024 година.“

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 февруари 2024 година.

УП1 бр.08-131/24
29 февруари 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.